20 ГОДИНИ

# ПЕЛАГОНСКИ КУЛТУРНО - НАУЧНИ СРЕДБИ



Конаците на манастирот „Св.Ѓорги“ - Паралово, каде е одржана Првата Пелагонска културно научна средба

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## 16

НОВАЦИ, 2020

**Издавач**
Пелагонски културно-научни средби
-Новаци, Битолско

**За издавачот**
Ѓорѓи Лазаревски

**Главен и одговорен уредник**
Ѓорѓи Лазаревски

**Редакција**
Ѓорѓи Лазаревски
проф. д-р Благоја Брајановски
Панде Манојлов
проф. д-р Ромина Кабранова
д-р Весна Калпаковска
Биљана Димко
Антоанета Петровска
Ристе Котевски
Јован Ѓуровски

**Секретар на редакција**
Трајан Митровски

**Редакција на веб-страна и Facebook**
Д-р Весна Калпаковска
Антоанета Петровска
Биљана Димко

**Јазична редакција**
Јазичната редакција на текстовите е извршена од самите автори

**Компјутерска обработка**
Ѓорѓи Лазаревски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3.09(062)(082)
304.2(062)(082)
821.163.3(082)

ПЕЛАГОНСКИ културно-научни средби : зборник на трудови : 16 / [главен и одговорен уредник Ѓорѓи Лазаревски]. - Новаци : Пелагонски културно-научни средби, 2021. - 254 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон одделни трудови

ISBN 978-608-66686-0-0

а) Македонска книжевност -- Собири -- Зборници б) Општествени и културни прашања -- Собири -- Зборници

COBISS.MK-ID 53872901

Печатењето на Зборник 16 го помогна Општина Новаци.
Советот ја искажува својата благодарност.

## СОДРЖИНА


СВЕЧЕН ДЕЛ

**Ѓорѓи ЛАЗАРЕВСКИ**.....................................................................................11
Поздравен збор кон јубилејната Дваесетта Пелагонска културно-научна средба

**Љубе КУЗМАНОВСКИ**.................................................................................14
Обраќање кон Дваесеттата Пелагонска културно-научна средба

**Дос. Д-р Невена ГРУЕВСКА**.......................................................................16
Поздравен збор на претседателот на Македонското научно друштво од Битола

ЧЕСТИТКИ

**Акад. Владимир КОСТОВ**, претседател на Почесниот одбор на Средбите...........................................................................................................17

**М-р Добре Тодоровски**, претседател на Здружението за негување на културното и обичајно наследство „Завештание"-Бабино...........................17

**Проф. д-р Даниела АНДОНОВСКА – ТРАЈКОВСКА,** претставник на Педагошки факултет – Битола.............................................................................18

**Проф. д-р Тони СОКЛЕВСКИ,** претставник на Бизнис академија Смилевски – БАС...................................................................................................19

**Весна ЖОГЛЕВА**, претставник на СОУ гимназија „Ј.Б. Тито" –Битола....20

**Владо ЃОРГИЕВСКИ**, директор на СОУ "Таки Даскало" –Битола...........21

**Благојче КРИВЕВСКИ**, директор на СОЗУ „Кузман Шапкарев" – Битола..................................................................................................................21

ДОБИТНИЦИ НА ПРИЗНАНИЈА

**Ѓорѓи ЛАЗАРЕВСКИ**.....................................................................................22
Добитници на признанието **Повелба за животно дело** Ристе Котевски и Трајан Митровски –основоположници на Средбите

**Панде МАНОЈЛОВ**........................................................................................25
Душан Ристевски, добитник на признанието **„Златен клас за македонски вознес"**

КНИЖЕВНИ ЗАПИСИ – КРИТИКА

**Славе КАТИН**..................................................................................................30
Душан Ристевски познат и признат македонски поет и драматург во Австралија

**Ѓорѓи ЛАЗАРЕВСКИ**.....................................................................................37
Осврт врз романот „Богатството е во нас самите" од проф. д-р Благоја Брајановски

**Проф. д-р Вера СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ**.....................................................43
Една вечерна средба со Конески

**Проф. д-р Гордана СТОЈАНОСКА**..........................................................46
Спомени и сеќавања за Брник: мапи и албуми на срцето
**Проф. д-р Даниела АНДОНОВСКА – ТРАЈКОВСКА**.........................49
За посебното издание на списанието „Прилози“ 27 во издаваштво на Македонското научно друштво –Битола: „Академски такт за фолклорот и традицијата“
**Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ**....................................................................51
Сага за Бач и Моштенците
**Милица ДИМИТРИЈОВСКА – РАДЕВСКА**............................................58
Кристална решетка на поетскиот израз во стихозбирката „Утеха“ од Панде Манојлов
**Д-р Весна КАЛПАКОВСКА**....................................................................64
Мариовски приказни и шарени тесели во раскажувачкиот опус на Јован Ѓуровски
**Проф. д-р Благоја БРАЈАНОВСКИ**........................................................68
Исконска болка за напуштените пелагониски села
**Блага ХРИСТОВСКА**.................................................................................72
На изворот, осврт врз историскиот роман „Бачилото на Стојан“ од Ѓорѓи Лазаревски
**Божин АНДОНОВСКИ**.............................................................................76
Дедо Петко – домаќинот во манастирот „Св. Ѓорѓи“ во с. Паралово

ПОЕЗИЈА

**Панде МАНОЈЛОВ**
-Мајка ми.. ..................................................................................90
-Битолчанки ...............................................................................91
-Татковина.................................................................................92
-Болеста.......................................................................................93
**Проф. д-р Менде СОЛУНЧЕВСКИ**
-Папради.....................................................................................95
-Независна Македонија...........................................................95
-Чудесни камчиња....................................................................96
-Се било како да не било.........................................................97
**Биљана СОЛУНЧЕВСКА**
-Баба Крстана...........................................................................100
-Зборот.......................................................................................101
-Копнеж.....................................................................................102
-Чувар на мојата тајна.............................................................103
**Радован П. ЦВЕТКОВСКИ**
-Мудроста на мислата..............................................................105
-Аманет......................................................................................105
-Сонот на двајцата поети .........................................................106
-Фурнаџија ................................................................................107

**Биљана ДИМКО**
-Шеметност......108
-Неизговорени зборови......108
-Инает......109
-Посвета......109
**Николина ЃУРОВСКА**
-Прибежиште......110
-Револтот над желбата......111
**Илче СТОЈАНОВСКИ**
-Светлини и сенки......114
-Раѓање – живот......114
-Сон......115
-Порака......116
**Славица ГАЦОВА – СВИДЕРСКА**
-Бебе......117
-Смртни тела......118
-Безимени тела......119
-Кратка историја на телото......120
-Поврзани тела......121
-Тело: вселена......121
-Етерично тело......122
**Рада ВИДИНОВСКА**
-Македонија......124
-Разгледница од Битола......124
-Ќе се вратам во Струга......125
-Кога прошетав во Охрид......125

ПРОЗНИ ЗАПИСИ

**Душан РИСТЕВСКИ**......128
Неколку подтоци за Миладиновци
Т'га за југ (монодрама)
**М-р Биљана ТОДОРОВСКА**......134
Скорни
**Михајло СВИДЕРСКИ**......137
Последните денови на Ханс (извадок од истоимениот роман)
**Добре ТОДОРОВСКИ**......143
Калап, расказ
**Славе КАТИН**......146
Иселеникот Петар Стаматов од Смилево голем донатор за македонските студенти
**Јован ЃУРОВСКИ**......152

Богданка го запозна својот „покоен“ татко
**Зорица НАУМОВСКА**....................159
Крвавиот пиштол, расказ

ОБРАЗОВАНИЕ
**М-р Симона ЈОВЕСКА**....................168
Меѓусебното влијание на самопочитта и карактерните успеси на индивидуата
**Вон. проф. д-р Марија КОТЕВСКА – ДИМОВСКА**
**М-р Валентина ДИМОВСКА**....................175
Фактори за развој и реализација на талентот за пишување: психолошка перспектива
**Магдалена САЈКОВА**
**Д-р Дијана ХРИСТОВСКА**....................181
Инклузивно образование во време на ковид

СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ПРИЛОЗИ
**Проф. д-р Јорде ЈАЌИМОВСКИ**....................190
Неуспешно намалување на сиромаштијата во Република Северна Македонија
**Проф. д-р Осман КАДРИУ**....................197
Работниот однос во променетите околности и правна заштита

СТОПАНСТВО
**Д-р Сашо СТОЈАНОВСКИ, проф. д-р Борис АНГЕЛКОВ, д-р Лилјана ДОЈЧИНОВСКИ и дипл. инг. тех. Милена МАЃЕРОВСКА**....................214
Историја на ветеринарната медицина и сточарството во Р. Македонија, со посебен осврт на Пелагонискиот регион, дел III

ИСТОРИСКО-ГЕОГРАФСКИ ПРИЛОЗИ И ЕТНОГРАФИЈА
**Д-р Александар ЛИТОВСКИ**....................224
Прилог за започнувањето и работата на првото македонско училиште во текот на НОАВМ во село Подвис
**Проф. д-р Цане КОТЕСКИ, проф. д-р Никола В. ДИМИТРОВ и Проф. д-р Златко ЈАКОВЛЕВ**....................233
Услови за развој на руралниот туризам во Мариово
**Ристе КОТЕВСКИ**....................242
Преглед на домакинствата во Логоварди 1960 – 2020
**IN MEMORIAM**
Панде Манојлов....................245
Благоја Брајановски....................248

## УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО МАРИОВО

**Цане Котески, Никола В. Димитров, Златко Јаковлев**
**Cane.koteski@ugd.edu.mk, nikola.dimitrov@ugd.edu.mk, zlatko.jakovlev@ugd.edu.mk**
**Унверзитет „Гоце Делчев“, Факултет за Туризам и бизнис логистика – Гевгелија**
**Ул. 7-ми Ноември бб. Гевгелија-2000, Р.С.Македонија**

**Апстракт:** Во научниот труд обработени се и презентирани поглавијата за: Географска положба и основни карактеристики на Мариово, Историски развој на Мариово, Етнолошки карактеристики на Мариово, Значањи туристички локалитети во Мариово: Манастир Св.Ѓорги во близина на село Паралово, Мост во село Зовиќ, Родната куќа на Стале Попов во село Мелница, Водопад во близина на село Брник, Тврдината Пешта во Мариово, Чебрен – Манастирскиот комплекс во Мариово, Расимбегов мост, Споменик на паднатите борци во Втората светска војна, Планината Ниџе со врвот Кајмакчалан и заклучок.

**Клучни зборови:** Мариово, историја, етнолошки, туристички локалитети.

**Вовед:** Областа Мариово во Р.С. Македонија карактеристична е по својата историја, етнологија, традиции и култура. Областа Мариово во Р.С. Македонија се наоѓа во крајниот јужен дел. Областа Мариово била населена уште во периодот на антиката, а била и дел на Античка Македонија, за што сведочат бројни остатоци од многу тврдини и пронајдоци на штитови и останати предмети од антиката. На територијата од Мариово во 1564-65 година се случила познатата Мариовска Буна која била прва масовна форма на отпор на македонскиот народ против Османлиската власт поттикната од бесправните даноци и неподносливите услови за живот, а подоцна во 1688-89 била подигната уште една Мариовска буна под влијание на Карпошовото востание.

### 1. Географска положба и карактеристики на Мариово

Областа Мариово е ридско - планински предел во јужниот дел на Република С. Македонија распослана и помеѓу падините и билата на Селечка Планина, Ниџе, Козјак и Дрен Планина во долината на Црна Река. Низ целата област на Мариово течи Црна Река (со средното течение) каде што всушност се наоѓа и најдолгата клисура во Република С. Македонија, 100 км., долгата Скочиварска клисура која е исто така една од бесценетите природни убавини на оваа област. *На запад* Мариово се граничи со Пелагинија, *на југ* со Грција, *на север* со областа Раец со (долината на Раечка Река) и *на исток* со висорамнината Витачево односно Тиквешката котлина. Целата област на Мариово зафаќа површина од 1.251 $km^2$ и е поделено на 3 помали (етно) географски целини на: Битолско Мариово, Прилепско Мариово (поранешната општина Витолиште) и Тиквешко (Кавадаречко) Мариово (западните и средишните делови на поранешната општина Конопиште).

### 2. Историски развој на Мариово

Областа Мариово била населена уште од времето на антиката, а била и дел на Античка Македонија, за што сведочат остатоци од многу тврдини и пронајдоци на штитови и останати предмети од антиката. На подрачјето на Мариово во 1564-65 година се случила познатата Мариовска Буна која била првата масовна форма на отпор на македонскиот народ против Османлиската власт поттикната од бесправните даноци и

неподносливите услови за живот, а подоцна во 1688-89 била подигната уште една Мариовска буна под влијание на Карпошовото востание. Мариово била една од ретките области во кои, за целото владеење на владеењто на Турците, немало процеси на исламицазија и колонизација на турско и муслиманско население. За време на турското владеење, особено во раниот период, Областа Мариово била посебна административна единица „хас“ (слично на денешниот термин автономна покраина) која му плаќала одредена сума на пари на султанот, а за возврат жителите не биле поданици на беговите и не биле цел на нивните малтретирања и изживувања. Кон крајот на турското владеење, во илинденскиот период познатиот Шаќир Војвода од Мариово водел борби со турскиот аскер, како реонски војвода на областа. Мариово од секогаш важело за македонски бунтовен и немирен крај не само за турските власти, туку и за сите натамошни окупаторски власти.

### 3. Етнолошки карактеристики на Мариово

Како најпозната е Мариовската (женска) носија која е меѓу колоритно најбогатите Македонски народни носии. Интересен е податокот дека невестинската Мариовска носија тежи околу 48 килограми. Мариово како област изобилува и со народно творештво особено со народни песни, митови, легенди и преданија, а огромен дел од нив се запишани во книгите на Марко Цепенков. Исто така мариовскиот живот и случувања се најголем мотив во делата на македонскиот писател Стале Попов кој е родум од Мариово. Областа Мариово е и туристичка атракција, која привлекува со големите изобилства на митови во кои е опишувана. Мариово е област која е позната и по народните приказни. Според народните приказни наводно во Мариово живеел Итар Пејо, големиот мудрец. Тоа е дело на македонскиот писател Марко Цепенков.



**Слика 1.** Мариовска женска и машка народна носија.

### 4. Значањи туристички дестинации во Мариово

#### 4.1. Манастир Св. Ѓорги во близина на с. Паралово

Во близина на с. Паралово се наоѓа манастирот Св.Ѓорги – еден од најубавите во овој крај, надалеку познат по своите конаци. Во овој манастирот се верува дека е скриен еден од прст на раката од Св.Ѓорги.



**Слика 2.** Манастир Св.Ѓорѓи кај с. Паралово.

За време на Првата светска војна, ова село се наоѓало на самата фронтова линија и истото било скоро целосно разрушено. Истата судбина ја имал и манастирот чии што конаци биле целосно разрушени а храмот претрпел сериозни оштетувања. Селаните биле иселени во Живојно и по завршувањето на војната се вратиле и го обновиле селото и манастирот, кој денес е еден од најубавите во овој регион. Во непосредна близина на манастирот се наоѓа гробот на славниот македонски војвода Ѓорги Сугарев,кој со својата чета загина во месноста Чукарите на 26 март 1906 година.




**Слика 3.** Гробот на војводата Ѓорѓи Сугарев.

### 4.2. Камениот Мост во с. Зовиќ

Камениот Мостот е изграден во 1955/56 г на местото на стариот дрвен мост, кој се преполовил под товарот на еден локален селанец, кој водел претоварена воловска кола. Веднаш потоа е изграден новиот (постоечкиот) мост од мајсторот Џуладин од Струга и неговата тајфа.



**Слика 4.** Камениот мост во с.Зович.

Под мостот на една висока карпа е насликан светецот Св. Ѓорѓи, како еден вид на остаток од црквичето кое постоело таму.

### 4.3. Родната куќа на Стале Попов во с. Мелница

Родната куќа на познатиот писател Стале Попов е сместена во близина на една од најпознатите Македонски цркви – Св. Илија, во веќе иселеното Мариовско село Мелница. И самата кужа се наоѓа во очајна состојба, оваа куќа претставува единствен показател за некогашниот живот во ова село.



**Слика 5.** Родната куќа од Стале Попов во ц. Мелница.

### 4.4. Брнички водопад во близина на с. Брник

Во непосредна близина на Црна Река, на околу 30´ пешачење од Рапешки Мост, на чистата и незагадена Брничка Река, се наоѓа Брничкиот Водопад. Живописната долина го надополнува пејсажот со водопадот кој претставува реткост во овие краишта, во кој водата слободно паѓа од височина од 18 м. Целокупниот амбиент на мир и спокојство го надополнува романтичното доживување при престојот на ова место. Водопадот е доста оддалечен од с. Брник и од сите околни патишта, теренот не е обележан, па така се препорачува негова посета само во присуство на водич.



**Слика 6.** Брнички водопад на Брничка река во близина на с. Брник.

### 4.5. Тврдината Пешта во Мариово

Еден од симболите на Македонскиот непокор - Тврдината Пешта, се наоѓа на 52 км., од Битола, помеѓу селата Градешница и Старавина. Тврдината Пешта е поврзана со приказната за Калеш Анѓа, мариовска девојка со челична волја спремна и по цена на својот живот да ја зачува својата вера и да не се предаде на прилепскиот кадија.



**Слика 7.** Остатоци од Тврдината Пешта.

Калеш Анѓа била заробена на подмолен начин и нејзиното спасување од домот на кадијата, на некој начин претставува вовед во организирано востание против Отоманската империја или т.н. „Мариовска буна“(1564/65 г). Населението во Мариово пружило голем отпор на Отоманската војска и во неколку наврати истата и ја совладале. Сепак обиколени од сите страни од далеку помногубројниот непријател, востаниците морале да се повлечат во тврдината Пешта, лоцирана помеѓу селата Старавина и Градешница. Неможејќи на сила да ја освои тврдината, Отоманската војска се послужила со итрина и го лоцирала подземниот канал, низ кој што тврдината се снабдувала со вода. Дел од изжеднетите востаници се одлучиле на борба до смрт на портите на тврдината, а додека пак другиот дел заедно со жените и децата биле земени во заробеништво. Постојат докази дека тврдината Пешта постоела уште од времето на античките македонски кралеви и за време на Римската империја во неа имало војска.

По Мариовската буна таа ја изгубила својата оригинална намена и била оставена на забот на времето. Денес е разрушена, во голема мера и поради бомбардирањето во текот на Првата светска војна, таа останува како нем сведок за бурното минато на овие простори.

### 4.6. Чебрен – Манастирскиот комплекс во Мариово

Во минатото манастирскиот комплекс Чебрен бил еден од најбогатите и најпознатите во Мариово и пошироко. Неговата поволна стратешка позиција и фактот што во Мариово за време на турското владеење немало исламизација на населението, го направиле еден од најбогатите во Македонија.



**Слика 8.** Чебрен **-** Манастирскиот комплекс во Мариово.

Ова може да се забележи и преку темелите на стариот манастир Св. Димитрија од (XV век), кој во тој период бил со импресивни димензии, а од него останал само олтарниот дел, кој денес е вграден во новиот објект. Во своја сопственост манастирот имал воденици со 12 воденички камења, многу стока, ниви, ливади, големи површини со шуми и пасишта. Според пишаните документи манастирот во XIX век имал и свое ќелијно училиште на старословенски јазик. Во ова училиште се подготвувале свештеници и учители за другите мариовски села. Во близина се наоѓа и црквата Св. Спас, помала црква позната по своите фрески кои датираат од XVI век. Комплексот Чебрен е лоциран по течението на Црна Река на 5,5 км од с. Зовиќ. Пред селото се скршнува лево и се вози приближно 1 ч., по пат наменет единствено за теренски возила.

Втора варијанта претставува прошетката низ живописната природа, која зависно од временските услови трае приближно час и половина од с. Зовиќ.

Манастирот го слави Ѓурѓовден на (5 и 6 мај) кога во него се собираат и по 200 гости. Располага со свои конаци со капацитет од 12 легла, гостинска соба и кујна, а осветлувањето е со агрегат. Во согласност со црковниот одбор на с. Зовиќ, можни се организирани ноќевања.

### 4.7. Расимбегов мост

Расимбеговиот Мост претставува атрактивна локација во Мариовскиот крај, т.е место за кое се поврзани голем број на легенди и преданија. Сместен е на атрактивна локација до која се стигнува по асфалтиран пат од Прилеп, тој претставува одлично место за одмор, за секој посетител на овој дел од Мариово.



**Слика 9.** Стариот Расимбегов мост на Црна Река.

Постои интересно предание за овој мост, кое раскажува дека при пропаѓањето на Турската Империја, Османлиите се обиделе во Турција да повлечат околу 1.200 килограми злато од Отоманската банка во Битола. Златото во шипки било скриено некаде во близина на Расимбеговиот Мост на Црна Река во Мариово, откако пропаднале обидите тоа да биде пренесено преку Лерин. Според приказната при вториот обид, карванот придружуван од вооружен аскер тргнал со сандаците злато натоварено на десетина маски по течението на Црна Река кон Цариград. Кај Расимбегов Мост, водачот на карванот и неговиот пријател се обиделе златото да го приграбат и настанала пресметка. Потоа преживеаните не можеле златото сами да го носат, па го закопале во мариовската земја и наводно направиле мапа на местото.

Сепак до ден денешен таа приказна не е потврдена, иако постеле и постојат голем број на институционални и не-институционални обиди за откривање на ова богатство.

### 4.8. Споменик на паднатите борци во Втората светска војна

На ова место во близина на врвот Кајмакчалан на 25 август 1944, во херојска борба на VII-та Македонска ударна бригада против Бугарската војска, својот живот го дадоа: Ѓорѓиевски х. ѓорѓи;  Естреја А. Овадија – Мара; Лалевски К. Јован; Нале Г. Крсте; Нахмијас Ј. Мордо; Николовски Ј. Панадил; Трпчевски И. Атанас. Споменикот се наоѓа во непосредна близина на патот кој води на врвот Кајмакчалан и заради непристапноста на теренот со теренско возило може да се посети само во летните месеци.



**Слика 10.** Споменик на паднатите борци во Втората светска војна.

### 4.9. Планината Ниџе со врвот Кајмакчалан

Кајмакчалан е највисокиот врв на планината Ниџе во Република С. Македонија со (2,521м.) и во текот на Првата Светска Војна бил една од клучните позиции на Солунскиот Фронт. Битката на Кајмакчалан останала запаметена во историјата по го



**Слика 11.** Спомен обележје на Врвот Кајмакчалан на планината Ниџе. Црквата од 1928г., и костурницата.

лемиот број на жртви кои ги претрпеле двете завојувани страни, односно бугарските и српските војски кои биле стационирани на овој дел на фронтот, а во кои имало и на двете страни голем број на Македонци, присилно регрутирани во текот на првата светска војна. Дека врвот Кајмакчалан бил значајна стратешка позиција, зборува фактот што Бугарите го нарекле Борисов град (по царот Борис) бидејќи мислеле дека е неосвоив, а додека пак Србите го нарекле Капија на слободата, бидејќи таму за прв пат по окупацијата зачекориле во тогашна Југославија. Во почетокот на есента 1916 година, започнала долго очекуваната офанзива на Антантата преку напредување на Српските и Француските сили северно од Битола преку Мегленските планини, додека пак Бугарите кои претежно биле од другата страна на фронтот, наместа со Германска логистика, се утврдиле во длабоките ровови. Битката за Кајмакчалан е водена помеѓу 12 и 30 септември 1916 година, кога првата српска армија успеала да го заземе врвот Св. Илија, протерувајќи ги Бугарите кон Мариово, каде што тие поставиле нова одбранбена линија. Помеѓу 26 и 30 Септември врвот Кајмакчалан бил неколку пати заземан, се додека српската војска не го зазела и задржала на 30 септември. Човечките жртви биле огромни и на двете страни, пред се поради битката гради во гради. Со заземањето на Кајмакчалан, на српската и француската војска им е овозможено да продолжат со понатамошните операции, во кои што потоа на 19 Ноември  ќе биде ослободена и Битола. На самиот врв Кајмакчалан уште по заземањето во Првата Светска Војна, српската војска почнала да гради спомен обележје, кое што покасно 1928 г., беше претворено во црква и  осветена заедно со костурницата во која се собрани коските на загинатите од околината. Бројот на загинати и исчезнати на ова место бил толку голем, така што и долги години по завршувањето на двете светски војни, се случувало овчарите од овие области да наоѓаат черепи или пак други коски.

Црквата "Св. Петар", чува и една легенда за Рудолф Арчибалд Рајс, кој што по неговата смрт во 1928 година посакал неговото срце да биде обвиткано во злато и сместено во посебна урна во црквата на Кајмакчалан. Доктор Рајс како што е познат помеѓу локалното население, не бил лекар, туку професор, криминолог, фоторепортер и дописник за весници во неколку земји, известувајќи директно за настаните од фронтот. Многу години по Првата светска војна, безброј преживеани борци и посетители ја посетуваа црквата со урната на д-р Рајс се до Втората светска војна кога Р. Македонија беше повторно окупирана од страна на Бугарија.  Се верува дека тогаш исчезнало и срцето на Д-р Рајс. На врвот Кајмакчалан за време на Втората светска војна се случил уште еден немил настан за Македонскиот народ, т.е. во напад на бугарската караула загинува седум борци на Седмата македонска бригада меѓу кои и народниот херој од Битола, Естреја Овадија - Мара.

**Заклучок:**

Областа Мариово е ридско - планински предел во јужниот дел на Република С. Македонија распослан на и помеѓу падините и билата на Селечка Планина, Ниџе, Козјак и Дрен Планина во долината на Црна Река. Низ целата област Мариово протекува Црна Река со (средното течение) каде што всушност се наоѓа и најдолгата клисура во Република Македонија, 100 км., долгата Скочиварска клисура која е исто така една од бесценетите природни убавини на оваа област.

Историски развој на Мариово е многу богат и интересен за посетителите како за домашните така и за странските гости.

Етнолошки карактеристики и обичаји на Мариово се многу интересни исто така како за домашните така и за странските посетители со народната носија, обичајите, разните манифестации и др.

Значањи исто така се туристички локалитети во Мариово како на пример: Манастирот Св.Ѓорги во близина на село Паралово, Мостот во село Зовиќ, Родната куќа на Стале Попов во село Мелница, Брничкиот водопад на Брничка река во близина на село Брник, Тврдината Пешта во Мариово, Чебрен – Манастирскиот комплекс во Мариово, Расимбегов мост, Споменик на паднатите борци во Првата Светска и Втората светска војна, Планината Ниџе со врвот Кајмакчалан.

Општа е констатацијата дека во Областа Мариово постојат добри услови за развој во наредниот период на руралниот туризам, потребни се повеќе инвестиции да се вложат во сместувачки објекти, угостителски објекти, подобрување на патната инфраструктура и незината сигнализација.

**Користена литература:**


1. Котески, Ц.(2004). Магистерски труд во ракопис, „Тематски атлас на Мариовска и Раечка Котлина", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", ПМФ – Скопје, Институт за Географија;
2. Котески, Ц.(2010). Докторска дисертација, „Сливот на Црна Река – Географско картографско моделирање, диференцијација и функционален развој на одделните регионални целини, „ Универзитет „Св. Кирил и Методиј", ПМФ – Скопје, Институт за Географија;
3. Koteski, Cane (2011) *Сливот на Црна Река.* 2-ри Август - Штип. ISBN 978-608-4662-03-7;
4. Koteski, Cane (2013) *Thematic atlas of Mariovo and Raechka valley in Macedonia.* Geografija - Tematska kartografija . LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co.KG, Saarbrucken, Germany, pp. 1-222. ISBN 978-3-659-38483-7
5. Димитров, Н., Котески, Ц.(2015). Туристичка географија, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип;
6. Котески, Ц., Димитров, В. Н.(2019). Национална туристричка географија, Универзитет „Гоце Делчев"- Штип.